# БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ (БХХС)

**Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура**

# BALKAN HIP HOP STUDIES (BHHS)

**International Journal of Hip Hop and Urban Culture**

ISSN 2955-2192 (печатена верзија) (printed)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија) (online)

**Год. III, Бр. 6**
**Скопје, 2025**

**Vol. III. No. 6**
**Skopje, 2025**

**БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ**
(БХХС)
Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура

ИЗДАВА
Урбан Институт-Скопје

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Славчо Ковилоски

РЕДАКЦИЈА
Јулијана Папазова
Александар Ковилоски
Елена Пренџова

МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР
Антоанела Петковска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, С.Македонија
Ристо Солунчев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, С.Македонија
Венцислав Димов, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија
Грегор Помпе, Универзитет во Љубљана, Словенија
Мојца Кревел, Универзитет во Љубљана, Словенија
Звонко Танески, Универзитет „Коменски“, Братислава, Словачка
Јелена Арсенијевиќ Митриќ, Универзитет во Крагуевац, Србија
Татјана Вукелиќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Сребренка Мачковиќ, Универзитет во Сараево, Босна и Херцеговина

НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ
Гоце Трпков – ДЈ Гоце САФ, Тони Петковски – Тони Зен, Огнен Андоновски – ДЈ Бугимен, Александар Кацарски – Кацар, Стефан Марковски, Драган Ѓорѓевиќ

**BALKAN HIP HOP STUDIES**
(BHHS)
International Academic Journal of Hip Hop and Urban Culture

Publisher
Urban Institute-Skopje

EDITOR-IN-CHIEF
Slavcho Koviloski

EDITORIAL BOARD
Julijana Papazova
Aleksandar Koviloski
Elena Prendjova

INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD
Antoanela Petkovska, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, N.Macedonia
Risto Solunchev, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, N.Macedonia
Ventsislav Dimov, St. Kliment Ohridski University in Sofia, Bulgaria
Gregor Pompe, University in Ljubljana, Slovenia
Mojca Krevel, University in Ljubljana, Slovenia
Zvonko Taneski, Comenius University in Bratislava, Slovakia
Jelena Arsenijević Mitrić, University in Kragujevac, Serbia
Tatjana Vukelić, University in Rijeka, Croatia
Srebrenka Mačković, University in Sarajevo, Bosnia and Hercegovina

EXTERNAL COLLABORATORS
Goce Trpkov – DJ Goce SAF,
Toni Petkovski – Toni Zen, Ognen Andonovski – DJ Boogieman,
Aleksandar Kacarski – Kacar, Stefan Markovski, Dragan Đorđević

Меѓународното научно списание *Балкански хип-хоп студии* излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница:
www.balkanhhs.com

Јазично уредување на македонски јазик:
Верица Тоциновска

Јазично уредување на англиски јазик:
Елена Пренцова

Графичко уредување и корица:
Славчо Ковилоски
Стефан Марковски
Ѓорѓи Лазаревски

Печати:
Академска мисла – Скопје

Трудовите во списанието се објавуваат на: македонски јазик, англиски јазик, словенските јазици.
Трудовите се рецензираат.

ISSN 2955-2192 (печатена верзија)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија)

The International Scientific Journal *Balkan Hip Hop Studies* is issued twice a year
in printed form and online at the following website:
www.balkanhhs.com

Macedonian Language Proofreading:
Verica Tocinovska

English Language Proofreading:
Elena Prendjova

Technical Editors:
Slavcho Koviloski
Stefan Markovski
Gjorgji Lazarevski

Printed by:
Akademska misla – Skopje

Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian,
English and all Slavic Languages.
All papers are peer-reviewed.

ISSN 2955-2192 (printed)
ISSN 2955-2206 (online)

БХХС/BHHS 6/2025
ISSN 2955-2192 (печатена верзија) (printed)
ISSN 2955-2206 (веб верзија) (online)
УДК: 78.067.26.071.1/.2:316.723]:929(73+497)"20"

# ПРЕГЛЕД НА АВТОБИОГРАФИИ НА ХИП-ХОП АРТИСТИ ВО XXI ВЕК – ПРИМЕРИ ОД САД И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

**Дејан Методијески**
dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Автобиографиите претставуваат книжевни дела во кои авторите сами го опишуваат својот живот. Во автобиографската книга, авторот пишува субјективно и опфаќа настани и теми за кои смета дека се од особено значење за читателот. Овие книги стануваат се повеќе популарни во изминатите декади, бидејќи авторот ги споделува своите триумфи, порази и начин на размислување. Целта на овој труд е да се направи преглед на публикувани автобиограски книги од хип-хоп артисти од САД во XXI век, како и преглед на автобиографии на хип-хоп артисти од балканските земји. За потребите на трудот, употребена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку анализирање на содржината на автобиографската литература поврзана со хип-хоп артисти како и интернетот. Направена е хронолошка анализа и табеларен преглед на изминатите три декади во кои се публикувани автобиографии на хип-хоп артисти како во САД, така и кај балканските земји. Истражувањата за потребите на овој труд, покажуваат дека, во периодот 2000–2025 година, во САД се публикувани 42 автобиографски изданија на хип-хоп артисти. Шест автобиографски изданија се публикувани од страна на хип-хоп артисти од балканските земји, од кои три се поврзани со хип-хоп артисти од Србија, а по една автобиографска книга имаат публикувано артисти од Хрватска, Бугарија и Босна и Херцеговина.

**Клучни зборови:** хип-хоп, автобиографија, САД, Балкан, XXI век.

## Вовед

Терминот автобиографија произлегува од три грчки зборови со следното значење (Денкова, 2014): „autos" (себе), „bios" (живот) и „graphe" (пишува). Автобиографијата е литературен начин на пишување што датира длабоко низ историјата, но сепак, класифицирана била како книжевен жанр кон крајот на 18 век (Treadwell, 2005). Автобиографиите

претставуваат книжевни дела во кои авторите сами или со помош на коавтори го опишуваат својот живот, односно главна тема во автобиографијата се историјата и животот на авторот. Во автобиографијата, авторот пишува субјективно и опфаќа настани и теми за кои смета дека се значајни. Автобиографиите и биографиите спаѓаат во жанрот литература кој е поврзан со пишување за животот или life-writing (Krsteva, 2023), кој има свои различни понатамошни поделби и стилови (Jolly, 2001). Релевантната научна литература посочува повеќе критериуми за поделба на автобиографските книги како автобиографии (ги пишува авторот), биографии (се пишуваат за друго лице), авторизирани биографии (одобрени од страна на лицето за кое се пишува), мемоари (напишани од авторот за делови од својот живот), дневници, новели, блогови и др. Како форма автобиографиите ги среќаваме во печани изданија, електронски верзии и аудио книги (доста популарни изминатата декади, каде како наратор се јавува лицето за кого се однесува автобиографијата). Од аспект на тематиката, автобиографските книги можеме да ги поделиме на политички, религиозни, феминистички, спортски, музички и др. Преку автобиографијата, авторот директно комуницира со своите читатели, а преку публикувањето автобиографска книга, авторот остава „наследство" за своите читатели. Со пишување на автобиографија, авторот ги споделува своите триумфи, порази и научени лекции, дозволувајќи им на читателите да се поврзат и да се чувствуваат мотивирани од инспиративни приказни. Автобиографиите придонесуваат за намалување на јазот меѓу луѓето од различна возраст и социјален статус, како и за создавање на врски меѓу старите и новите генерации.

## Преглед на автобиографии на хип-хоп артисти од САД

Автобиографијата се смета за една од позначајните и популарни форми на литература во XX и XXI век, која се користи како средство за самоизразување на музичките артисти. Се забележува тренд, каде музичките автобиографии постигнуваат широко распространето признание за својата книжевна вредност во изминатите години (Kovács & Savin, 2022). Важноста на автобиографските книги на музичари се рефлектира и во привлекување на вниманието на академската заедница и зголемен обем на дискусии и истражувања на оваа тематика (Hunt et al., 2019). Читателите на автобиографии покажуваат голем интерес за оваа литературна форма затоа што имаат потреба да дознаат повеќе за личниот живот на автобиографот односно артистот, неговите подеми и падови, идеи и верувања, страсти и предрасуди и др. Покрај различните техники на раскажување приказни кои вообичаено се користат низ

автобиографските книги на музичарите, нивната суштина бара од артистот да прикаже на привлечен и интимен начин, персонален перформанс со цел да се задржи интересот на публиката за неговата кариера, во рамките на која ќе може да го реконструира својот идентитет и да ја обликува културната меморија (Marshall et al., 2016).

Зголемената популарност на пишувањето автобиографии на познатите личности кои се фокусираат на специфичниот социјален, професионален, етнички или друг контекст на соодветниот артист, во изминатите декади предизвикува зголемување на побарувачката на автобиографски публикации од областа на хип-хоп музиката (Balestrini, 2019). За хип-хоп музичката индустрија која во изминатите четири децении раскажуваше голем број приказни во стилот „од дното до врвот“, не е изненадувачки што автобиографските книги напишани од рапери и раперки привлекуваат внимание кај читателската јавност. Иако фановите можат да научат многу за своите омилени хип-хоп артисти преку слушањето на нивните песни, автобиографиските книги нудат еден различен поглед на артистите, односно поглед „од прва рака“ или доживување на артистот преку неговата „гледна точка“. Овие книги се еднакво забавни (интересни анегдоти од животот на артистот), а од друга страна инспиративни и поучни (во некои случаи имаат улога на сесии за терапија која води кон самоподобрување). Како пример ќе ги посочиме изданијата на 50 Cent (50 Cent & O’Connell, 2013) со план за физички вежби и здрава исхрана, потоа книгата на LL Cool J (LL Cool J et al., 2010) за нутриционизам и фитнес, како и забавните книги за готвење на Snoop Dogg (Snoop Dogg & Ford, 2018), каде артистот прикажува сопствени рецепти и специфични начини на подготовка на храна за различни пригоди од животот (Snoop Dogg & E-40, 2023). Мајката на Kanye West публикува автобиографска книга за начинот на кој го воспитувала своето дете (West & Hunter, 2009).

Во изминатиот период во светот (покрај САД претежно Германија и Франција) се публикувани голем број на биографски книги за култни хип-хоп артисти и групи (авторизирани и неавторизирани), како N.W.A, Dr. Dre, Ice Cube, 2Pac, Notorious B.I.G., и други, а како позначајни ќе ги издвоиме книгите за Eminem публикувани во 2003 (Bozza, 2003) и 2019 година (Bozza, 2019). За потребите на овој труд, земени се предвид официјалните автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД кои се публикувани во 21 век, а истите се напишани од самите артисти (во дел од случаите се среќаваат и коавтори на овие дела). Во текстот подолу, табеларно се претставени автобиографските

изданија во три декади и тоа: прва декада 2000-2009 година, втора декада 2010-2019 година и трета декада за периодот 2019-2025 година.

**Табела 1.** Автобиографии на хип-хоп артисти од САД публикувани во прва декада на XXI век (2000–2009).

| **Година** | **Автор (артист, група)** | **Наслов** |
|---|---|---|
| 2002 | DMX | E.A.R.L.: The autobiography of DMX |
| 2005 | RZA (Wu-Tang) | The Wu-Tang Manual |
| 2005 | 50 Cent | From Pieces to Weight: Once Upon a Time in Southside Queens |
| 2007 | Master P | Guaranteed Success |
| 2008 | Grandmaster Flash | The adventures of Grandmaster Flash: My life, my beats |
| 2009 | 50 Cent | The 50th Law |
| 2009 | Chuck D | Public Enemy |
| 2009 | RZA (Wu-Tang) | The Tao of Wu |
| 2009 | Krs One | The Gospel of Hip Hop: First Instrument |

Од табелата 1, може да се забележи дека во првата декада од 21 век (2000–2009 година), позначајните публикувани автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД се вкупно девет. Од нив, по едно издание има во 2002, 2007 и 2008 година, две изданија во 2005, а четири изданија се од 2009 година, од кои публикацијата за култната хип-хоп група Public Enemy е биографско стрип издание, а публикацијата на Krs One изобилува со филозофски погледи кон животот и хип-хоп културата од страна на овој артист. Книгата на Master P обработува различни стратегии за успешно водење бизнис. Артистите RZA и 50 Cent се јавуваат како автори на две книги во оваа декада.

**Табела 2.** Автобиографии на хип-хоп артисти од САД публикувани во втора декада на XXI век (2010–2019).

| **Година** | **Автор (артист, група)** | **Наслов** |
|---|---|---|
| 2010 | Jay-Z | *Decoded* |

| | | |
|---|---|---|
| 2010 | Queen Latifah | *Put on your crown: Life-changing moments on the path to Queendom* |
| 2011 | Common | *One day it'll all make sense: A memoir* |
| 2011 | Ice-T | *Ice: A memoir of gangster life and redemption - From South Central to Holly-wood* |
| 2012 | Wyclef Jean | *Purpose: An Immigrant's Story* |
| 2012 | Prodigy (Mobb Deep) | *My infamous life: The autobiography of Mobb Deep's Prodigy* |
| 2013 | Questlove (The Roots) | *Mo' Meta Blues: The World According to Questlove* |
| 2014 | Ja Rule | *Unruly: The Highs and Lows of Becoming a Man* |
| 2014 | Rick Ross | *Freeway Rick Ross: The untold autobio-graphy* |
| 2015 | Timbaland | *The Emperor of Sound: A Memoir* |
| 2015 | Scarface (Geto Boys) | *Diary of a Madman: The Geto Boys, Life, Death, and the Roots of Southern Rap* |
| 2016 | Angie Martinez | *My Voice* |
| 2016 | DMC (RUN DMC) | *Ten Ways Not to Commit Suicide: A Me-moir* |
| 2016 | Lecrae | *Un-shamed Lacrae* |
| 2016 | Lil Wayne | *Gone 'Til November: A Journal of Rikers Island* |
| 2017 | Gucci Mane | *The autobiography of Gucci Mane* |
| 2018 | U-God (Wu-Tang) | *Raw: My Journey Into The Wu-Tang* |
| 2018 | Michael Diamond & Adam Horovitz (Beastie Boys) | *Beastie Boys book* |
| 2019 | Rick Ross | *Hurricanes: A Memoir* |
| 2019 | Russ | *It's All In Your Head: Get Out Of Your Way* |
| 2019 | Rakim | *Sweat the Technique: Revelations on Creativity from the Lyrical Genius* |

Од табелата 2, се забележува дека во втората декада од 21 век (2010–2019 година), позначајните публикувани автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД се вкупно 21. Од нив, по едно издание бележиме во 2013 и 2017 година, две се во 2010, 2011, 2012, 2014, 2015,

2018, три во 2019 година, а четири изданија има во 2016 година. Книгата на Lil Wayne презентира мемоари од неговиот престој во затвор. Rick Ross се јавува како автор на две книги во оваа декада. Во оваа декада имаме и две автобиографски книги на хип-хоп артистките Queen Latifah и Angie Martinez.

**Табела 3.** Автобиографии на хип-хоп артисти од САД публикувани во трета декада на XXI век (2020–2025).

| **Година** | **Автор (артист, група)** | **Наслов** |
|---|---|---|
| 2020 | 50 Cent | *Hustle Harder, Hustle Smarter* |
| 2021 | Rick Ross | *The Perfect Day to Boss Up: A Hustler's Guide to Building Your Empire* |
| 2021 | Will Smith | *Will* |
| 2021 | Talib Kweli | *Vibrate Higher: A Rap Story* |
| 2021 | Action Bronson | *F*ck It, I'll Start Tomorrow: A true story* |
| 2021 | Raekwon (Wu-Tang) | *From Staircase to Stage: The Story of Raekwon and the Wu-Tang Clan* |
| 2022 | Boosie Badazz | *Cross the Tracks: A Memoir* |
| 2022 | Fat Joe | *The Book of Jose: A Memoir* |
| 2023 | Jeezy | *Adversity for Sale: Ya Gotta Believe* |
| 2024 | Eve | *Who's That Girl? A Memoir* |
| 2024 | Trina | *Da Baddest* |
| 2024 | Ghostface Killah (Wu-Tang) | *Rise of a Killah: My life in the Wu-Tang* |

Табелата 3, ни посочува дека во периодот од половина на третата декада од 21 век (2020–2025 година), позначајните публикувани автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД се вкупно 12. Од нив, едно издание бележиме во 2020 и 2023 година, по две изданија се публикуваат во 2022, три во 2024 година, а пет изданија се од 2021 година. Во оваа декада имаме и две автобиографски книги на хип-хоп артистки Eve и Trina.

Во текот на 2025 година се очекуваат неколку автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД, а како позначајни ќе ги издвоиме книгите на Lil Kim *Queen Bee* за која може да се направи преднарачка како и на Nas *It Ain't Hard to Tell: A Memoir*.

**Преглед на автобиографии на хип-хоп артисти од балканските земји**

Постојат повеќе примери на публикувани автобиографски и биографски книги на хип-хоп артисти од балканските земји кои се опфатени со истражувањето во овој труд. Автобиографската монодрама на хрватскиот хип-хоп артист Marin Ivanović (Stoka) насловена како *Stara škola kreka – iz tame u svjetlo* е претстава која од 2018 година па наваму, игра во разни театри низ Хрватска и Босна и Херцеговина (https://-staraskolakreka.com/). Во оваа едукативна претстава станува збор за негативните ефекти од зависноста од дрога низ која поминал овој артист и како истиот успешно се справил со предизвиците од зависноста. Во 2020 година, публикувана е автобиографската книга за турскиот хип-хоп артист Ezhel (Akpolat, 2020). Словенечката хип-хоп група Matter, својот четврти студиски албум со наслов *HAOS* го публикува како книга во 2022 година, а книгата содржи автобиографија на групата, текстови, фотографии и код за преземање на албумот во дигитална форма (Nožić Serini et al., 2022). Грчкиот хип-хоп артист Stereo Mike го публикувал својот албум *KATALH3H (Beats Deluxe)* како дополнување на својата книга во која објаснува за создавањето на рап музика со користење на семплови и дава свој поглед на технологијата на семплувањето (Exarchos, 2024).

**Табела 4.** Преглед на автобиографии на хип-хоп артисти од балканските земји

| **Земја** | **Автор (артист, група)** | **Наслов** | **Година** |
|---|---|---|---|
| Србија | Radenko Stojanović (Voodoo Popeye) | *Ledena zavesa* | 2011 |
| Хрватска | Nikola Čelan (The Beat Fleet) | *Baština: Kako sam preživio splitske devede-sete i prvih 10 godina TBF-a* | 2017 |
| Бугарија | Кристиан Талев (Криско) | *Пътят нагоре* | 2017 |
| Босна и Херцеговина | Adnan Hamidović (Frenkie), Boris Lalić | *Koraci* | 2019 |
| Србија | Nikola Živanović (MC Džoni) | *Reper koji nikada nije repovao* | 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Србија | Predrag Vukčević (Bege Fank) | *Dobar rep: Kako sam objasnio i završio pravi rep* | 2022 |

Во табелата 4 погоре се дадени прилог публикуваните автобиографски книги на хип-хоп артисти од балканските земји во изминатиот период и тоа од следните артисти:

- Voodoo Popeye – во книгата станува збор за историјата поврзана со животот на артистот во населбата Земун во Белград;
- The Beat Fleet – во оваа книга се опфаќаат моменти од историјата поврзана со животот на артистот во Сплит;
- Криско – книга посветена на животот на артистот надвор од сцената;
- Frenkie – книга која опфаќа периодот од живото на артистот од најрана младост до успонот на регионалната музичка сцена;
- MC Džoni – книга за предизвиците на артистот кој боледува од церебрална парализа; и
- Bege Fank – книга за животот на артистот и размислувања поврзани со рап музиката.

Меѓу овие шест автобиографски книги кои се публикувани во периодот 2011-2022 година, три се поврзани со хип-хоп артисти од Србија, а по една автобиографска книга имаат публикувано артисти од Хрватска, Бугарија и Босна и Херцеговина. Во иднина се очекуваат поголем број на изданија на автобиографски книги од хип-хоп артисти од балканските земји поради причина што хип-хоп културата се распространува од САД и навлегува малку подоцна на овие простори. Предвидувањата одат во насока на тоа, дека ќе следат вакви автобиографски изданија кои ќе опфаќаат артисти од земји како Албанија, Црна Гора, Македонија, Косово и Романија.

Што се однесува за состојбата во Македонија, во земјата се забележува мал број на публикувани автобиографски книги за музичари, без разлика за кој жанр музика станува збор. Во понудата на популарни автобиографски книги се среќаваат публикации од актери (Весна Петрушевска, Игор Џамбазов и др.), како и познати спортисти (Кире Лазаров, Дарко Панчев и др.). Како и кај останатите балкански земји, така и во земјава се очекува во идниот период да бидат публикувани автобиографски дела од домашни хип-хоп артисти следејќи ги светските тенденции во хип-хоп културата кои првенствено доаѓаат од САД.

## Заклучок

Автобиографиите претставуваат книжевни дела во кои авторите сами го опишуваат својот живот. Во автобиографската книга, авторот пишува субјективно и опфаќа настани и теми за кои смета дека се од особено значење за читателот. Овие книги стануваат се повеќе популарни во изминатите декади, бидејќи авторот ги споделува своите триумфи, порази и начин на размислување. За хип-хоп музичката индустрија која во изминатите четири децении раскажуваше голем број приказни во стилот „од дното до врвот“, не е изненадувачки што автобиографските книги напишани од рапери и раперки привлекуваат внимание кај читателската јавност. Иако фановите можат да научат многу за своите омилени хип-хоп артисти преку слушањето на нивните песни, автобиографските книги нудат еден различен поглед на артистите, односно поглед „од прва рака“ или доживување на артистот преку неговата „гледна точка“.

Во изминатиот период во светот (покрај САД претежно Германија и Франција) се публикувани голем број на биографски книги за култни хип-хоп артисти и групи (авторизирани и неавторизирани), како N.W.A, Dr. Dre, Ice Cube, 2Pac, Notorious B.I.G., Eminem и други. За потребите на овој труд, земени се предвид официјалните автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД кои се публикувани во 21 век, а истите се напишани од самите артисти (во дел од случаите се среќаваат и коавтори на овие дела). Во трудот, табеларно и хронолошки беа претставени 42 автобиографски изданија во три декади и тоа:

- Прва декада 2000–2009 година (девет изданија). Артистите RZA и 50 Cent се јавуваат како автори на две книги во оваа декада;
- Втора декада 2010–2019 година (21 изданија). Rick Ross се јавува како автор на две книги во оваа декада. Во оваа декада имаме и две автобиографски книги на хип-хоп артистки Queen Latifah и Angie Martinez; и
- Трета декада за периодот 2019–2025 година (12 изданија). Во оваа декада имаме и две автобиографски книги на хип-хоп артистки Eve и Trina. Во текот на 2025 година се очекуваат неколку автобиографски книги на хип-хоп артисти од САД, а како позначајни ќе ги издвоиме книгите на Lil Kim *Queen Bee* за која може да се направи преднарачка како и на Nas *It Ain't Hard to Tell: A Memoir*.

Во трите декади како најистакнати автори на автобиографски книги се јавуваат Rick Ross (три изданија), 50 Cent (три изданија), и RZA (две изданија). Од 40 автобиографски книги, четири се на хип-хоп

артистки: Queen Latifah, Angie Martinez, Eve и Trina. Од опфатените биографски книги, со најмноги изданија е групата Wu-Tang (пет публикации), преку книгите на артистите и членови на оваа група Raekwon, Ghostface Killah, RZA и U-God.

Постојат повеќе примери на публикувани автобиографски и биографски книги на хип-хоп артисти од балканските земји кои се опфатени со истражувањето во овој труд. Шесте анализирани автобиографски изданија (во периодот 2011-2022 година) се публикувани од страна на хип-хоп артисти од балканските земји, од кои три се поврзани со хип-хоп артисти од Србија, а по една автобиографска книга имаат публикувано артисти од Хрватска, Бугарија и Босна и Херцеговина. Во иднина се очекуваат поголем број на изданија на автобиографски книги од хип-хоп артисти од балканските земји поради причина што хип-хоп културата се распространува од САД и навлегува малку подоцна на овие простори. Предвидувањата одат во насока на тоа, дека ќе следат вакви автобиографски изданија кои ќе опфаќаат артисти од земји како Албанија, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Романија.

**Литература:**

*кирилична*

Денкова, Ј. (2014). *Реалистична македонска проза за деца и млади.* Штип: УГД.

Талев, К. (2017). *Пътят нагоре.* София: БГ Книга.

*латинична*

50 Cent & Ex, K. (2005). *From Pieces to Weight: Once Upon a Time in Southside Queens.* New York: Pocket Books.

50 Cent & Green, R. (2009). *The 50th Law.* New York: HarperCollins Publishers Inc.

50 Cent & O’Connell, J. (2013). *Formula 50: A 6-week workout and nutrition plan that will transform your life.* New York: Penguin Group.

50 Cent (2020). *Hustle Harder, Hustle Smarter.* New York: HarperCollins Publishers Inc.

Action Bronson (2021). *F*ck It, I'll Start Tomorrow: A true story*. New York: Abrams.

Akpolat, B. (2020). *Ezhel: Kazidim tirnaklarla*. İstanbul: Karakarga Yayınları.

Angie Martinez (2016). *My Voice*. New York: Celebra.

Balestrini, N. (2019). „Intermedial and Transnational Hip-Hop Life Writing“. *Journal of the Austrian Association for American Studies*, 1(1), 150-157.

Boosie Badazz (2022). *Cross the Tracks: A Memoir*. New York: Gallery Books.

Bozza, A. (2003). *Whatever you say I am: The life and times of Eminem.* New York: Three Rivers Press.

Bozza, A. (2019). *Not afraid: The evolution of Eminem*. New York: Hachette Books.

Čelan, N. (2017). *Baština: Kako sam preživio splitske devedesete i prvih 10 godina TBF-a*. Split: Sjeverni pol.

Chuck D & Wallenta, A. (2009). *Public Enemy*. Naugatuck: American Mule Entertainment.

Common & Bradley, A. (2011). *One day it'll all make sense: A memoir.* New York: Atria Books.

DJ Khaled & Choi, M. (2016). *The keys*. New York: Crown Archetype.

DMC & Dawsey, D. (2016). *Ten Ways Not to Commit Suicide: A Memoir.* New York: HarperCollins Publishers Inc.

DMX (2002). *E.A.R.L.: The autobiography of DMX*. New York: HarperCollins Publishers.

Eve & Landoli, K. (2024). *Who's That Girl? A Memoir*. Toronto: Hanover Square Press.

Exarchos, M. (2024). *Reimagining sample-based hip hop: Making records within records*. New York: Routledge.

Fat Joe & Reid, S. (2022). *The Book of Jose: A Memoir*. New York: Penguin Random House LLC.

Ghostface Killah (2024). *Rise of a Killah: My life in the Wu-Tang*. New York: St. Martin's Press.

Grandmaster Flash & Ritz, D. (2008). *The adventures of Grandmaster Flash: My life, my beats*. New York: Broadway Books.

Gucci Mane & Martinez-Belkin, N. (2017). *The autobiography of Gucci Mane*. New York: Simon & Schuster.

Hamidović, A. & Lalić, B. (2019). *Koraci*. Tuzla: Adnan Hamidović Frenkie.

Hunt, R., Mann, F. & Pleasance, H. (2019). *Music, Memory and Memoir*. New York: Bloomsbury Academic.

Ice-T & Century, D. (2011) *Ice: A memoir of gangster life and redemption - From South Central to Hollywood*. New York: One World Books.

Ja Rule & Green, K. (2014). *Unruly: The Highs and Lows of Becoming a Man.* New York: HarperCollins Publishers Inc.

Jay-Z (2010). *Decoded*. New York: Spiegel & Grau.

Jeezy & Meadows, B. (2023). *Adversity for Sale: Ya Gotta Believe*. New York: HarperCollins Publishers Inc.

Jolly, M. (2001). *Encyclopedia of Life Writing: Autobiographical and Biographical Forms*. Chicago: Fitzroy Dearborn Publishers.

Kovács, R. & Savin, A. (2022). Music Autobiographies – Performing Selves. *Acta Universitatis Sapientiae, Philologica*, 14(3), pp.127-142.

Krs One (2009). *The Gospel of Hip Hop: First Instrument*. New York: PowerHouse Books.

Krsteva, M. (2023). *Towards a Theory of Life-Writing: Genre Blending.* New York: Routledge.

Lecrae & Merritt, J. (2016). *Un-shamed Lacrae*. Nashville: B&H Publishing Group.

Lil Wayne (2016). *Gone 'Til November: A Journal of Rikers Island*. New York: Plume Publishing.

LL Cool J, Honig, D., Palmer, C. & Stoppani, J. (2010). *LL Cool J's platinum 360 diet and lifestyle: a full-circle guide to developing your mind, body, and soul.* New York: Rodale books.

Marshall, D., D'Cruz, G., McDonald S. & Lee, J. (2016). *Contemporary Publics: Shifting Boundaries in New Media, Technology and Culture*. London: Palgrave Macmillan.

Master P (2007). *Guaranteed Success*. New York: Kensington Publishing Corporation.

Michael Diamond & Adam Horovitz (2018) *Beastie Boys book.* New York: Spiegel & Grau.

Nožić Serini, D., Kozole, E., Lah, L. & Tunja, M. (2022) *Matter – HAOS.* Ljubljana: Zavod Projekt Atol.

Prodigy & Checkoway, L. (2012). *My infamous life: The autobiography of Mobb Deep's Prodigy*. New York: Simon & Schuster, Inc.

Queen Latifah (2010). *Put on your crown: Life-changing moments on the path to Queendom.* New York: Hachette Books.

Questlove & Greenman, B. (2013). *Mo' Meta Blues: The World According to Questlove.* New York: Grand Central Publishing.

Raekwon & Bozza, A. (2021). *From Staircase to Stage: The Story of Raekwon and the Wu-Tang Clan*. London: Simon & Schuster.

Rakim & Kitwana, B. (2019). *Sweat the Technique: Revelations on Creativity from the Lyrical Genius*. New York: HarperCollins Publishers Inc.

Rick Ross & Martinez-Belkin, N. (2019). *Hurricanes: A Memoir*. Toronto: Harlequin Enterprises Limited.

Rick Ross & Martinez-Belkin, N. (2021). *The Perfect Day to Boss Up: A Hustler's Guide to Building Your Empire*. Toronto: Harlequin Enterprises Limited.

Rick Ross & Scott, K. (2014). *Freeway Rick Ross: The untold autobiography*. Los Angeles: Freeway studios.

Russ (2019). *It's All In Your Head: Get Out Of Your Way*. New York: Harper Design.

RZA & Norris, C. (2009). *The Tao of Wu*. New York: Riverhead Books.

RZA (2005). *The Wu-Tang Manual*. New York: Riverhead Books.

Scarface & Meadows, B. (2015). *Diary of a Madman: The Geto Boys, Life, Death, and the Roots of Southern Rap*. New York: HarperCollins Publishers Inc.

Snoop Dogg & E-40 (2023). *Goon with the Spoon*. San Francisco: Chronicle Books.

Snoop Dogg & Ford, R. (2018). *From crook to cook: Platinum recipes from tha boss dog's kitchen*. San Francisco: Chronicle Books.

Stojanović, R. (2011). *Ledena zavesa*. Beograd: MOST ART.

Talib Kweli (2021). *Vibrate Higher: A Rap Story*. New York: MCD Farrar, Straus and Giroux.

Timbaland & Chambers, V. (2015). *The Emperor of Sound: A Memoir*. New York: HarperCollins Publishers Inc.

Treadwell, J. (2005). *Autobiographical Writing and British Literature, 1783–1834*. Oxford: Oxford University Press.

Trina & Bowen, S. (2024). *Da Baddest*. New York: Simon & Schuster.

U-God (2018). *Raw: My Journey Into The Wu-Tang*. New York: Picador.

Vukčević, P. (2022*). Dobar rep: Kako sam objasnio i završio pravi rep.* Beograd: Društvo ljubitelja popularne culture.

West, D. & Hunter, K. (2009). *Raising Kanye: Life Lessons from the Mother of a Hip-Hop Superstar*. New York: Gallery Books.

Will Smith & Manson, M. (2021). *Will*. New York: Penguin Press.

Wyclef Jean & Bozza, A. (2012). *Purpose: An Immigrant's Story*. New York: HarperCollins Publishers Inc.

Živanović, N. (2021). *Reper koji nikada nije repovao*. Zaječar: Omladinski centar.

**Dejan Metodijeski, PhD**

## A REVIEW OF AUTOBIOGRAPHIES OF HIP HOP ARTISTS IN THE 21ST CENTURY – EXAMPLES FROM THE USA AND THE BALKAN COUNTRIES

(Summary)

Autobiographies are literary works in which the authors themselves describe their lives. In an autobiographical book, the author writes subjectively and covers events and topics that he or she considers to be of particular importance to the reader. These books have become increasingly popular in recent decades, as the author shares his or her triumphs, defeats, and way of thinking. The purpose of this paper is to review published autobiographical books by hip hop artists from the United States in the 21st century, as well as a review of autobiographies of hip hop artists from the Balkan countries. For the purposes of the paper, a research methodology and secondary data sources were used by analyzing the content of autobiographical literature related to hip hop artists as well as the Internet. A chronological analysis and a tabular overview of the past three decades in which autobiographies of hip hop artists have been published, both in the United States and in the Balkan countries, were made. Research for this paper shows that, in the period 2000–2025, 42 autobiographical editions of hip hop artists were published in the United States. Six autobiographical editions were published by hip hop artists from the Balkan countries, three of which are related to hip hop artists from Serbia, and one autobiographical book each was published by artists from Croatia, Bulgaria, and Bosnia and Herzegovina.

**Keywords:** hip hop, autobiographie, USA, Balkan countries, 21st century.